CIVIL

# МОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО!

www.civil.org.mk

# E DREJTA IME E VOTIMIT!

проект за јакнење на јавната свест, едукација и мобилизација на граѓан(к)ите за подобрување на изборните процеси

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА


CIVIL
МОЕТО
ГЛАСАЧКО
ПРАВО!
едукација и мобилизација
на гласачкото право

# МОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО

проект за јакнење на јавната свест, едукација и мобилизација на граѓан(к)ите за подобрување на изборните процеси

публикација за едукација на учесниците на семинарите, членовите, поддржувачите и соработниците на ЦИВИЛ

www.civil.org.mk

# МОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО

Оваа публикација е за внатрешна употреба на ЦИВИЛ - Центар за слобода и е дел од едукативниот материјал за учесниците на семинарите, членовите на ЦИВИЛ, поддржувачите и соработниците на проектот „Моето гласачко право" и на активностите во контекст на изборниот процес.

**Публикацијата ја подготвија:**
Џабир Дерала
Синиша Станковиќ
Горан Наумовски
Биљана Јордановска

**Контакт:**
ЦИВИЛ - Центар за слобода
Адреса: Максим Горки 31/1
1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: 02/5209176
E-mail: civil@civil.org.mk

**ЦИВИЛ онлајн:**
www.civil.org.mk
www.slobodniizbori.mk
www.zgjedhjetelira.info
www.freeelections.info
www.facebook.com/civil.mk
www.youtube.com/user/CivilOrgMK
www.youtube.com/user/CivilMacedonia
www.twitter.com/CivilMacedonia

---

Оваа публикација е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на авторот и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

## Содржина

**05** Вовед

**06** Проект: Моето гласачко право

**09** Правото на слободни избори е неприкосновено

**12** Основни информации за гласачкото право

**20** насоки за долгорочно набљудување

**22** како се пишува извештај?

**24** Анализа: континуирана и агресивна кампања

**28** Прилог кон медиумската писменост



Илустрација: Мирослав Стојановић - Шуки

# Вовед

Оваа публикација е наменета, пред сè, за учесниците на семинарите, членовите на ЦИВИЛ, поддржувачите и соработниците, за да послужи како потсетник за гласачкото право и изборниот процес во целина на подолг рок. Важно е да се направи дистинкција меѓу оваа публикација и прирачник за набљудување на изборниот процес и денот на избори.

Ова е обид да се стават на едно место основни информации кои претставуваат долгорочна подготовка на гласачите, нивно информирање за гласачкото право и изборниот процес, како и нивно охрабрување да се подготват да направат информиран избор на денот на избори, но и да останат активни пред и по денот на избори, бидејќи изборниот процес не започнува и не завршува на денот на избори.

Имајќи предвид дека учесниците на семинарите, членовите на ЦИВИЛ, поддржувачите и соработниците се најчесто напредни познавачи на оваа материја, оваа публикација има уште една, далеку поважна функција, а тоа е да послужи како прирачник и едукативен материјал кој треба да се сподели со што е можно поголем број граѓанки и граѓани.

Овде се објавени основни информации за гласачкото право и изборниот процес во целина, како и други содржини кои се од суштинска важност да се разбере оваа материја.

Прочитајте и споделете информации и знаења за да им помогнете на своите сограѓанки и сограѓани да направат информиран избор на денот на избори, но и во периодот пред и потоа.

Преку запознавањето со оваа материја и со нејзиното споделување, ќе придонесеме кон јакнењето на јавната свест, едукацијата и охрабрувањето на граѓанките и граѓаните да го одбранат своето и гласачкото право на сите други, а со тоа да делуваат превентивно на било какви нерегуларности и грешки во изборниот процес.

Нашите активности ќе придонесат кон јакнење на демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права и слободи во Република Македонија. Сето тоа ќе придонесе кон надминување на политичката криза, усвојување и негување на демократските вредности во општеството.

Корисниците на оваа публикација се повикани да се вклучат во долгорочните проекти на ЦИВИЛ кои се однесуваат на следењето на социо-политичките состојби и процеси во изборен контекст и пошироко, како и мониторинг на демократските институции и на состојбите на човековите права и слободи во земјата.

Како и секогаш, ЦИВИЛ е отворен за соработка и проширување на оваа публикација во иднина, како и за учество на корисниците во подготовка и продукција на други, поопширни публикации и медиумска продукција.

# Проект: МОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО

## Цел, компоненти и опфат на проектот

МОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО е проект за јакнење на јавната свест, едукација и мобилизација на граѓан(к)ите за подобрување на изборните процеси во Република Македонија, засновани на демократски стандарди наспроти изборните нерегуларности. Проектот е посветен на јакнење на моќта на граѓан(к)ите во изборните процеси и одбраната на човековите права и слободи преку запознавање на јавноста со состојбите на гласачките права и човековите права и слободи воопшто.

Основни компоненти на проектот се: истражување за актуелните состојби, семинари за обука на граѓански активисти, формирање и администрирање на Постојани работни групи за мониторинг на изборните процеси и состојбите на човековите права, едукација и јакнење на јавната свест за гласачките права на граѓан(к)ите.

Проектот се спроведува на национално ниво. Постојани работни групи (ПРГ) за мониторинг на изборните процеси и состојбите на човековите права се формираат во регионалните центри Скопје, Гостивар, Велес и Струмица.

ЦИВИЛ формира мониторинг тимови низ целата земја кои ќе ја набљудуваат состојбата и ќе прибираат информации од граѓан[к]ите за сите форми на злоупотреби. Мобилните тимови на ЦИВИЛ и новинарската екипа на ЦИВИЛ Медиа секојдневно ќе ги проверуваат информациите и сведоштвата на терен и редовно ќе ги објавуваат своите наоди, анализи и извештаи за состојбите. Временска рамка на проектот: 21 јануари 2015 – 21 јануари 2016.

## Предизвици и потреби

До ескалацијата на политичката криза кон крајот на 2014 година, Македонија мина низ осум изборни процеси, во просек, по еден изборен процес годишно. Гласачите во земјата се предмет на политички притисок и манипулација во контекст на изборите во континуитет и се во состојба на потполна мобилност и неизвесност. Според истражувањата на ЦИВИЛ и искуствата од мониторингот на изборite од 2008 година наваму, забележлив е широко распространет страв кај граѓаните, дискриминација и кршење на човековите права и слободи.

Во изборните процеси кои ЦИВИЛ ги мониторираше, се издвојува заклучокот дека гласачите се под големи притисоци, но и дека се жртви на недоволно познавање на демократската суштина на изборните процеси. Тоа е последица на низа фактори, меѓу кои се: стравот дека гласањето не е тајно, непрепознавањето на изборните нерегуларности и недоволно познавање на гласачкото право и начините на кои може да се спротивстават на изборните нерегуларности.

## Проектот како платформа за идни активности

Проектот МОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО претставува платформа за поефикасно дејствување на ЦИВИЛ во идните изборни циклуси, со цел да се спречат манпиулациите со гласачкото тело, односно да се најдат механизми со кои овие манипулации ќе бидат спречени.

Воедно, проектот отвора можност за вклучување на граѓанските организации и активните граѓан(к)и во подобрување и демократизирање на изборните процеси во земјата.

Телата формирани во овој период ќе продолжат со работа и по завршувањето на проектот, а нивните активни членови секако ќе бидат повикани да учествуваат во изборното набљудување, под услов да не се партиски ангажирани, односно, да бидат потполно независни и објективни во своето набљудување.

Проектот обезбедува основа за долгорочен мониторинг и анализа на општествено-политичката ситуација и процесите во контекст на изборите и воопшто на состојбата на човековите права и слободи. На тој начин, овој проект придонесува кон позитивни промени во општеството и државата, кон јакнење на демократијата и почитувањето на човековите права и слободи.

## Сеопфатна, непартиска и објективна информација

ЦИВИЛ обезбедува сеопфатна, непартиска, целосно објективна и неутрална информација за практиките во изборните процеси и сродните политички процеси и настани во земјата, како и на состојбата на човековите права и слободи.

ЦИВИЛ им помага на граѓан(к)ите слободно да ја изразат својата волја и да реагираат на тенденциите и практиките на дискриминација и кршење на човековите права и слободи.

## Извештаи од набљудувањето на изборите, 2013 и 2014

Последните два изборни процеси во земјата, локалните во 2013 година и претседателски и вонредни парламентарни избори во 2014 година, покажаа сериозно нарушување на изборната регулатива, кршење на човековите права и слободи по низа основи, вклучително и на гласачкото право, широко распространета дискриминација врз основа на политичката афилијација на граѓан(к)ите, национализам како алатка за добивање политички поени и власт, сериозни нерегуларности, медиумски манипулации и суспензија на владеењето на правото. Сето тоа доведе до сериозна и долготрајна политичка криза во земјата.

Линкови до извештаите може да се најдат на www.civil.org.mk во секцијата Публикации. Нивните наслови се:

БЕСКРУПУЛОЗНА БОРБА ЗА ВЛАСТ (2013 година)
ДИСКВАЛИФИКУВАНА ДЕМОКРАТИЈА (2014 година)

## CIVIL online

ЦИВИЛ спроведе динамични онлајн активности и продуцира информативни и едукативни содржини кои се достапни за преземање и користење од медиумите, граѓанските организации, политичките партии, институциите и читател(к)ите.

Дел од онлајн каналите на ЦИВИЛ се:

**www.civil.org.mk**
**www.freeelections.info**
**www.facebook.com/civil.mk**
**www.twitter.com/CivilMacedonia**
**www.youtube.com/user/CivilOrgMK**



# ПРАВОТО НА СЛОБОДНИ ИЗБОРИ Е НЕПРИКОСНОВЕНО

Правото на слободни избори е неприкосновено право на сите граѓанки и граѓани, заштитено со Уставот и Изборниот законик на Република Македонија и со меѓународното право.

Слободните избори се клучни за воспоставување доследна и ефективна демократија заснована на владеење на правото и почитување на човековите права и слободи. Правото на глас е во суштинска врска со правото на слобода на изразувањето, слободата на говорот и низа други права кои им припаѓаат на сите граѓанки и граѓани подеднакво.

Правото на глас не е привилегија. Тоа е право кое НИКОЈ НЕ СМЕЕ да го одземе, ниту да го ограничи или манипулира.

Со правото на глас никој нема право да тргува или да ја условува слободната волја на гласачите со услуги, бенефиции, пари, безбедност или со други придобивки, права или забрани.

Човековите права и слободи им припаѓаат на сите, исто како и правото на глас. Тие права не можат да бидат предмет на уцени или притисоци. Кршењето на гласачкото право е директен атак врз слободата и демократијата.

## Стани против уцените и манипулациите!

# ГЛАСАЈ СЛОБОДНО!

www.civil.org.mk
www.slobodniizbori.info

Гласачкото право е загрозено и со кршењето на човековите права, социјалните неправди, медиумската манипулација, дискриминацијата врз основа на политичка афилијација, со демографските интервенции и преку различни видови структурно насилство на локално и централно ниво. Тоа мора да престане!

Секој човек има право на работа, социјална и здравствена заштита, образование и низа други права и слободи.

ЗАТОА: Твоите права не може никој да ти ги даде, ниту да ти ги одземе. Тие се твои! Никој не може да ти даде нешто што веќе ти припаѓа.

Уцените, притисоците, поткупот и уцените во замена за твојот глас на избори се нечесни и забранети со закон. Ти никому ништо не должиш.

Поткупот што ти го нудат, ќе биде повеќекратно наплатен од тебе, од твоето семејство и од твоите сограѓанки и сограѓани.

Стани против уцените и манипулациите!

ГЛАСАЈ СЛОБОДНО!

# ВКЛУЧЕТЕ СЕ!
## ЗАЕДНО, ДО СЛОБОДНИ ИЗБОРИ!

Сите полнолетни граѓан[к]и на Република Македонија можат да учествуваат во проектот МОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО.

Запознајте се со гласачкото право и со човековите права и слободи воопшто. Споделете ги своите знаења со семејството, пријателите, соседите и пошироко.

**ПРИЈАВЕТЕ** предвремена кампања, кршење на гласачкото право, агресивна пропаганда, партиски вработувања, притисоци, уцени, поткуп, дискриминација, фантомски гласачи, насилство...

**ПРИЈАВИТЕ СЕ АНОНИМНИ**

Напишете порака или јавете се:
monitor@civil.mk
www.facebook.com/civil.mk
02 520 9176 | 075 565 830

**Сега имате зошто.**
**Сега имате каде.**

**www.civil.org.mk**
**www.slobodniizbori.info**

# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЛАСАЧКОТО ПРАВО И ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

## Гласачко право и изборен систем

Гласачкото право е заштитено со Уставот, Изборниот законик и други закони, како и со меѓународното право.

> ***Устав на Република Македонија***
>
> *Член 22*
>
> *Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање. Избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.*

> ***Универзална декларација за човековите права***
>
> *Член 21*
>
> *Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.*
>
> *Секој има право на еднаков пристап кон јавните служби во неговата земја.*
>
> *Волјата на народот ќе биде основата на власта, волјата на народот ќе се изразува на повремени и автентични избори, што ќе се одржуваат, со универзално и еднакво право на глас и со тајно гласање или според соодветните процедури на слободно гласање.*

Изборниот систем се состои од:

1. Избирачки список
2. Изборен законик
3. Изборен модел
4. Изборна администрација

### 1. Избирачки список

Избирачкиот список (ИС) е јавен документ во кој се запишуваат сите граѓани на Република Македонија со наполнети 18 години и се деловно способни. Тој ги содржи податоците: единствен матичен број на граѓаните (ЕМБГ), презиме, име на еден од родителите и име, пол, адреса на живеење (општина, населено место, улица, куќен број, влез и стан), датум на запишување и бришење и датум и вид на дополнување на податоците.

Податоци во ИС се заштитени и не може да бидат злоупотребени.

Надлежен орган за водење на ИС е Државната Изборна Комисија (ДИК).

ДИК врши запишување, дополнување и бришење на податоците на граѓани во списокот по службена должност врз основа на податоци од матичните книги, евиденција за живеалиште и за државјанство на РМ, други евиденции и со непосредно проверување на граѓаните.

Начини на проверка на податоците во ИС:

- со непосредна проверка која се врши во подрачните единици на ДИК;
- на интернет страната www.izbirackispisok.gov.mk

Граѓаните можат во текот на целата година да изврши увид во своите податоци во Избирачкиот список. Можат да извршат проверка  и за членовите на потесното семејство, со нивно одобрение и нивна лична карта или патна исправа-пасош.

Десет дена откако ќе бидат распишани изборите, ИС се става на јавен увид во подрачните единици на ДИК. Доколку граѓанинот не е запишан во ИС, нема да може да го оствари своето право на глас.

Во таков случај, треба ВЕДНАШ да се пополни барање за запишување во ИС. Притоа, мора да се приложи лична карта или патна исправа – пасош.

## 2. Изборен законик

Изборниот законик (ИЗ) дефинира и одредува постапки за кандидирање во изборите, тела за водење на изборите, правила за спроведување на изборите, процес и правила на гласање и утврдување на резултатите, правила за набљудување на изборите, трошоци за спроведување на изборите, заштита на изборното право, и сѐ преостанато што е потребно за избори, а е пропишано со закон.

Изборниот Законик е донесен во 2006 година, но оттогаш  истиот трпи повремени измени и дополнувања кои претежно се однесуваат на допрецизирање на веќе утврдените правилата и постапки за спроведување на изборите и изборната кампања.

Позначајна интервенција во ИЗ е извршена во 2008 година кога беше воведено гласање за граѓаните на РМ кои живеат во странство.

Сепак, најзначајните промени во Изборниот законик се извршени во периодот по потпишувањето на Политичкиот договор за надминување на политичката криза во Пржини, на 2 јуни и 15 јули 2015 година, со посредство на меѓународната заедница.

Изборниот законик може да се најде на веб-страницата на ДИК:  www.sec.mk

## 3. Изборен модел

Изборниот модел е збир од правила со кои што се одредува начинот и постапката на претворањето на гласовите во мандати, односно во претставнички места.

Во РМ се практикуваат два вида изборни модели: пропорционален и мнозински.

Пропорционалниот изборен модел се применува при избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и при избор на советници во општините, додека мнозинскиот изборен модел се применува при изборот на Претседател на Републиката и при избор на градоначалници на општините.

При примена на мнозинскиот изборен модел, оној кандидат што ќе освои најмногу гласови го добива мандатот.

Гласачот го дава својот глас за еден од утврдените кандидати што се наоѓаат на гласачкото ливче. Доколку во првиот изборен круг ниеден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, ќе се одржи втор изборен круг на кој учествуваат двајца кандидати кои освоиле најмногу гласови во првиот круг, доколку гласале повеќе од половината гласачи.

Кога се применува пропорционалниот изборен модел, кандидатите или политичките партии кои добиле најмногу гласови учествуваат во распределбата на мандатите.

Во овој случај гласачот гласа за листа на кандидати (листа на политичка партија, коалиција или независни кандидати). Значи, кандидатите добиваат онолку мандати колку што добила гласови нивната предложена листа.

**4. Изборна администрација**

Изборната администрација ја сочинуваат законски конституираните органи задолжени и одговорни за распишување и спроведување на изборите и изборниот процес.

Исто така, тие ја  следат и контролираат регуларноста на изборите, почитувањето на роковите во кои што треба да се спроведат изборните активности, ги печатат гласачките ливчиња, ги пребројуваат гласовите и ги објавуваат резултатите.

Целокупното работење на изборните органи е јавно.

Изборна администрација ја сочинуваат:

- Државна изборна комисија (ДИК)
- Општинска изборна комисија (ОИК) и Изборна комисија на град Скопје
- Избирачки одбори (ИО)
- Избирачки одбори во дипломатско конзуларните претставништва на РМ



# Изборен процес

## Распишување на изборите

Изборниот процес го сочинуваат серија на активности кои започнуваат со Актот за распишување на изборите од страна на Претседателот на Собранието на Република Македонија, со кој се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија и денот на одржувањето на изборите.

Граѓаните за одржувањето на изборите се известуваат преку јавен повик и истакнување плакати на видни места, што е во надлежност на ДИК.

Од денот на распишувањето на изборите до денот на одржувањето на изборите не може да поминат повеќе од 90 дена, ниту помалку од 70 дена.

ДИК започнува со ажурирање на Избирачкиот список и најдоцна 15 дена од денот на распишувањето на изборите, истиот го става на јавен увид во своите подрачни одделенија и месните канцеларии. Јавниот увид трае 15 дена.

Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, ДИК го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид.

## Кандидирање

Кандидат за пратеник, за член на совет и за градоначалник може да биде секој работоспособен граѓанин на Република Македонија со наполнети 18 години, кој ќе биде предложен и поддржан од подносителите на листа на кандидат/и односно, регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група гласачи.

Кандидат за претседател може да биде секој работоспособен граѓанин на Република Македонија со наполнети 40 години кој до денот на изборите бил жител на Македонија најмалку десет години во последните 15 години. Истиот треба да биде предложен и поддржан од 30 пратеници или со потписи од најмалку 10,000 гласачи.

По прифаќањето на листите, ДИК истите треба да ги објави најдоцна 30 дена (за Претседателски избори) односно 25 дена (за парламентарни и локални избори) пред денот определен за одржување на изборите.

## Изборна кампања

Изборната кампања подразбира јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и

вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.

Организаторите на изборната кампања имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на гласачите при гласањето.

Со Изборниот законик се уредени правилата за сите видови на кампања при што строго се забранува учеството на малолетни деца во изборната кампања.

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде што се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

**Предизборен молк**

24 часа пред  денот на гласањето како и на самиот дена на гласањето се до затворањето на гласачките места, забрането е водење на политичка кампања во било каква форма.

Времетраењето на оваа забрана е позната како предизборен молк.

**Гласање**

Гласањето се врши лично на гласачките места во Република Македонија и во ДКП. Започнува во 7 часот и трае непрекинато до 19 часот. Гласање за друго лице е забрането, освен во случаите предвидени со Изборниот законик.

Гласачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести општинската изборна комисија најдоцна три дена пред денот определен за гласање и ќе му се овозможи тајно гласање во неговиот дом или болница, еден ден пред одржувањето на изборите.

Гласачот кој има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа самостојно, има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето или да му помогне  друго лице од редот на присутните гласачи.

Гласачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, гласаат во казнено-поправните домови, еден ден пред  денот определен за гласање.

Гласачите кои на денот на гласањето се на привремена работа или престој во странство гласаат во ДКП еден ден пред денот на одржувањето на изборите во Македонија.

**Избирачки места**

Избирачките места се определуваат според критериуми утврдени во Изборниот законик. Секое избирачко место има реден број кој се истакнува на објектот во кој се врши гласањето, а доколку во еден објект се врши гласање во две или повеќе

избирачки места, редниот број на избирачкото место се означува и на секоја просторија што е определена за гласање во тоа избирачко место.

**Изборен одбор и набљудувачи**

ИО, составен од претседател, четворица членови и нивни заменици, е задолжен за спроведување на изборите на гласачкото место.

Претседателот на ИО и неговиот заменик, два члена и нивни заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, по случаен избор за време од 4 години. Еден член на ИО и негов заменик се именуваат на предлог на политичките партии во опозицијата, кои на последните избори освоиле најмногу гласови, а еден член и негов заменик на предлог на политичка партија која е на власт.

Секој кандидат (политичка партија/коалиција или група на граѓани) има право да номинира свои набљудувачи на гласачкото место. Овие набљудувачи ги набљудуваат изборите за да ги заштитат интересите на кандидатот, но несмеат да се мешаат во работата на ИО.

Изборите и изборната постапка можат да ги набљудуваат:

- домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно со закон, најмалку една година пред денот на одржувањето на изборите, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човековите права,
- меѓународни организации и
- претставници на странски земји

по добивање на овластување (акредитација) од ДИК.

Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на изборниот процес и активностите поврзани со неговото набљудување.

Набљудувачите ја следат законитоста на работењето на ИО, дали избирачкиот процес се одвива во мирна, фер и демократска атмосфера, почитувањето на гласачките и воопшто човековите права и сл. Нивното присуство може да спречи или да помогне во откривање изборните нерегуларности и непочитување на изборните закони.

**Изборни нерегуларности**

Најчести примери на констатирани изборни нерегуларности и кршење на изборните закони се:

- непочитување на предизборниот молк,
- гласање за друг,
- јавно гласање
- гласање без документи за идентификација,
- непочитување на тајноста на гласањето,

- агитирање пред и внатре во избирачкото место
- семејно и групно гласање
- незаконско однесување на членови на избирачките одбори
- фантомски гласачи
- недоследности во Избирачки список
- партиски притисоци и поткуп на гласачи
- злоупотреба на јавни ресурси
- нерамноправна медиумска застапеност

ЦИВИЛ - Центар за слобода, со спроведување нови методологии, соодветни на социо-политичките состојби и процеси во Република Македонија, успева да спроведе изборно набљудување со кое успева да открие низа нови начини на манипулирање и кршење на гласачкото право, како и низа други изборни нерегуларности. Посетете ја веб-страницата на ЦИВИЛ за повеќе информации.

### Заштита на гласачкото право

Постапката за заштита на избирачкото право е итна. Секој подносител на листа на кандидати во постапката за гласање може да поднесе приговор (жалба) до ДИК во рок од 48 часа по завршувањето на гласањето односно објавување на првичните резултати.

ДИК е должна во рок од 48 часа по приемот на приговорот да донесе одлука.

Секој гласач на кого му е повредено гласачкото право во постапката на спроведување на гласањето може да поднесе приговор до ДИК во рок од 24 часа. ДИК е должна во рок од 4 часа по приемот на приговорот да донесе одлука.

Доколку приговорот биде одбиен подносителот на истиот има право на тужба до Управен суд Република Македонија. Одлуките на Управниот суд се правосилни и против нив не може да се поднесе жалба или друг вид на правна заштита.

### Резултати

ДИК ги сумира и ги утврдува вкупните резултати од гласањето во изборните единици. Резултатите од гласањето ги утврдува ДИК врз основа на записниците со сумираните резултати од надлежната општинска изборна комисија и целокупниот изборен материјал и тоа одделно за секоја изборна единица. Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Донтовата формула.

### Повторување на гласањето

Доколку ДИК или Управниот суд констатираат неправилности кои што влијаат врз изборните резултати на одредено гласачко место, може да го поништат гласањето и да организираат втор круг на гласање за 14 дена.

# Изборен модел

Во Собранието на Република Македонија се избираат 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици во кои се избираат по 20 пратеници и тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг и тоа по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија.




Во шесте изборни единици во РМ бројот на гласачите може да отстапува најмногу од минус 5% до плус 5% во однос на просечниот број на гласачи во изборната единица.

Со изборот на пратеници се врши трансфер на правото да се донесуваат одлуки од граѓанинот на неговиот избран претставник, карактеристично за посредната демократија бидејќи непосредната демократија каде граѓаните сами одлучуваат е тешко остварлива.

Непосредната демократија се остварува поретко при одредени граѓански иницијативи, референдуми и сл.

Бидејќи демократијата почива на идеите за еднаквост и слобода, во случај на остварување на посредната демократија, особено е важен системот преку кој одлуките се трансферираат.

Помалите и “помладите” политички партии постојано укажуваат на неправилностите и дискриминацијата која постои во релацијата освоен глас - освоен мандат при остварувањето на посредната демократија и се залагаат за модел во кој РМ би била организирана како една изборна единица.

Подготви: **Горан Наумовски**

# НАСОКИ ЗА ДОЛГОРОЧНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ИЗБОРЕН КОНТЕКСТ

Набљудувачите на Цивил најлесно и најбрзо можат да ги забележат случувањата во својата непосредна близина, на локално ниво. Под локално ниво, во контекст на нашите активности и проекти во кои е вклучен долгорочен мониторинг на состојбите подразбираме: соседство, населба, работно место, јавна установа, јавен простор, општина.

Подолу се наведени неколку облици на политички активности и настани, како и социјални состојби, односно прашања на кои треба да најдеме одговори, а кои се дел од нашиот интерес во овој проект.

**Како се известува?**

Секој случај за кој зборуваме треба да ги содржи одговорите на прашањата **што** се случило, **кога** и **каде**, **кој** постапил и **како** во случаи кога постои кршење на човеково право и дискриминација, односно е загрозено некое човекво право во непосреден или посреден контекст на изборниот/политичкиот процес.

Доколу постојат индиции или само делумни информации или, едноставно, не успевате да составите целосен извештај, потребно е да напишете кратка белешка на мејл или фејсбук или да се јавите по телефон во седиштето на ЦИВИЛ, за случајот да го преземе мобилниот мониторинг тим, кој е во состојба за најмногу два часа да биде на било која точка во земјата.

**Дискриминација и кршење на човековите права за кои известуваме**

Дискриминација при вработување, на работното место, во постапка или при користење на социјална, здравствена или друга услуга. Основа: родова, партиска, етничка, верска итн.

Кршење на човековите права: полициска постапка, судска постапка, заштита при работа, вреднување на трудот, здравствена и социјална заштита, слобода на изразување, право на синдикално или друг вид здружување, право на протест, насилство итн.

Сите други видови кршење на човековите права во изборен контекст, кои се наведени и на веб-страницата **www.slobodniizbori.info:**

> закани, уцени, насилство, корупција, говор на омраза, дискриминација, притисок врз социјално загрозено лице, притисок врз работници/вработени, притисок врз вработени во администрација, притисок врз

невработени, притисок врз студенти, притисок врз пензионери, незаконско работење на институција, злоупотреба на јавни ресурси, злоупотреба на власта, партиско вработување, агресивна пропаганда

**Прашања и примери за кои се потребни информации и извештаи**

- Дали во вашето непосредно опкружување забележувате засилена партиска активност? Од што се состои таа партиска активност? Кој ја спроведува? На кој начин? Дали има малолетници вклучени во тие активности?
- Партиска агитација на работно место, во институции (институции на локално и централно ниво - здравствени, образовни, социјални установи, агенција за вработување итн.)
- Партиска агитација спроведуваат вработени во администрацијата
- Партиска агитација се спроведува врз малолетници (во училиште, јавен простор, по телефон)
- Партиска агитација спроведуваат малолетници (во училиште, јавен простор, по телефон)
- Партиска агитација на социјалните мрежи
- Партиски вработувања во јавен и приватен сектор
- Ветувања и условувања со социјални, здравствени или други јавни услуги, социјална помош, стипендии, субвенции во туризам, земјоделие итн., издавање лиценци, дозволи и сл., социјални бенефиции за студенти, пензионери итн.

# КАКО СЕ ПИШУВА ИЗВЕШТАЈ?

Основно и најважно за вашиот извештај е да биде точен, веродостоен и непристрасен. Ако ги нема овие карактеристики, тогаш тоа не е извештај.

Вие, со вклучување во долгорочното набљудување и пишувањето извештаи, треба да се служите со исти или слични алатки како и новинарите, однсоно граѓанските новинари. Извештаите кои ќе ги пишувате за ЦИВИЛ се прават според неколку основни правила правила што треба да се почитуваат.

**Принцип на растечка важност**

Принципот на растечка важност мора строго да се почитува. Тоа значи дека најважното во извештајот – нејзината срцевина, секогаш мора да биде во првата реченица. Не помалку е важно и зборовите во правата реченица да се подредуваат според важноста.

**Петте најважни прашања**

Пет најважни прашања на кои веста мора да одговори се: Кој? Што? Каде? Кога? Зошто? Редоследот на одговарање на овие прашања постојано се менува. Доколку пишува извештај во слободна форма, а не пополнува формулар, набљудувачот, авторот на извештајот, самиот одредува кој од овие елементи ќе биде во првата реченица, со која ќе почне извештајот.

**Едноставност и разбирливост**

Пишувањето мора да е со едноставни и разбирливи зборови и со користење на кратки реченици. Текстот, пишан или изговорен (доколку е снимен видео/аудио извештај или е издиктиран по телефон), мора да биде јасен. Користете цитати од вашите извори чии податоци морате да ги знаете, но и да ги заштитите.

**Цитирање на изворите**

Цитатите мораат да бидат јасно означени. Во говорени извештаи (по телефон/аудио/видео), важно е повторувањето на поимите. Синонимите се тешко разбирливи. Проблематични се и странските зборови. Бидете директни и јасни.

**Објективност и непристрасност**

Извештајот не смее да содржи коментар или лично мислење! Објективноста и неутралноста е императив во секој извештај и во секоја активност која ја спроведуваме во текот на работата.

**Важноста на деталите**

При пишување на извештајот, се користи простор/време колку што е потребно да се разбере суштината на настанот. Извештајот треба да ги содржи деталите за секој настан, за секој учесник во настанот, за секоја постапка. Иако најчесто се работи за извори кои треба да останат анонимни, сите детали и податоци се наведуваат во извештајот, со назнака дека тие треба да останат анонимни.

Од нашето искуство, добрите извештаи за поединечни настани, не траат подолго од две минути, односно не се подолги од една страница. Доколку не е во формулар, туку го пишувате во слободна форма, извештајот, по правило, има четири пасуса, како и кај веста како новинарски жанр. Првиот е лид (lead), ја изразува срцевината на веста, следните два го објаснуваат настанот. Последниот пасус е заднина (background) - дообјаснување, потсетување и поврзување со некој поранешени или сличен настан.

**Итен извештај**

Исклучок е итен извештај (во новинарството - breaking news) кој, најбрзо и најкратко известува за вонредни настани. Таквиот извештај може да биде напишан во една до две реченици, и не мора и не може да ги содржи сите елементи.

# КОНТИНУИРАНА И АГРЕСИВНА ПОЛИТИЧКА КАМПАЊА, ЗЛОУПОТРЕБИ И СТРУКТУРНО НАСИЛСТВО

*Оваа анализа, која ЦИВИЛ ја објавува во март 2015 година, произлегува од бројните теренски истражувања, фокус групи, анкети, интервјуа и панел дискусии со експерти, како и од искуството со набљудувањето во претходните изборни процеси во земјата. Оваа анализа претставува појдовна точка на понатамошната работа на мрежата од членови, соработници и поддржувачи на ЦИВИЛ во рамките на овој проект, но и пошироко*

ЦИВИЛ – Центар за слобода спроведува долгорочен мониторинг на политичките процеси и состојбата на човековите права и слободи. Во рамките на проектот Моето гласачко право, ЦИВИЛ спроведе истражување преку фокус групи и онлајн прашалник. Во следната фаза ќе се подготват и индивидуализирани интервјуа со претставници од засегнатите страни и актери во сферите на изборните процеси и човековите права.

Тимот на ЦИВИЛ подготви и анализа на политичките состојби во Република Македонија од периодот пред локалните избори во 2013 година до денес.

Од истражувањето и од анализата, општ заклучок е дека Македонија е во состојба на континуирана политичка криза, проследена со агресивна пропаганда, човековите права и слободи се загрозени, а изборните процеси во 2013 и 2014 година се нелегитимни и нивната законитост е под голем знак на прашање.

**Тешка состојба на човековите права и слободи**

Забележливо е рапидно влошување и континуирано кршење на човековите права и слободи од страна на институциите на државата и локалните власти. Наспроти изразената медиумска активност, владата и владините гласноговорници не успеваат да ја скријат отворената дискриминација и кршењето на човековите права по низа основи.

Дискриминацијата врз основа на политичката определба се бележи во секој сегмент од животот на луѓето, додека функционирањето на јавните, локалните или државните институции се сведува на следење на партиски инструкции со цел да се одржуваат позициите и рејтингот на владејачките партии.

Вработувањето, јавните услуги, социјалната и здравствената заштита, образованието, културата, субвенциите во земјоделието, туризмот и низа други

области во кои институциите на државата или на локалната самоуправа имаат учество или водат политики – се спроведуваат според политичката припадност и искажаната лојалност на граѓанките и граѓаните кон партиите на власт.

Дискриминаторските политики по низа основи се озаконети во парламентот, преку носење закони и регулативи кои често се во спротивност на Уставот на Република Македонија. Самите уставни промени се спроведоа во експресна постапка и без поширок општествен консензус и тоа во парламент во кој не учествува опозицијата. Уставниот суд најчесто молчи и оддава слика на уште една институција ставена под контрола.

Кршењето на човековите права и дискриминацијата се регистрирани и во низа други области, а особено е загрижувачка состојбата на социјалните и работничките права. Во таа смисла, правото на образование, домување, адекватен стандард на живот и други права се само декларативни заложби на институциите и владата, додека во реалноста се бележи стрмоглав пад на квалитетот на животот. Работничките права се практично непостоечки. Односот кон работниците е под секакво достоинство на човекот, пред сè, во приватниот сектор. Сериозно кршење на работничките права се бележи и во јавната администрација каде вработените се држат под цврста контрола и под континуиран притисок од партиите на власт.

Дискриминацијата по етничка и верска основа, род, социјален статус и сексуална ориентација остануваат сериозни проблеми на македонското општество, состојби за кои се одговорни токму институциите на национално и локално ниво.

Односот кон слободата на изразувањето и медиумите ги надминува границите на разумното однесување и сведочи за манирите на автократско владеење во земјата. Власта воспостави речиси целосна контрола врз медиумите преку долгодишните неуморни и прескапи кампањи, како и преку сомнителните сопственички мрежи.

Состојбата на медиумите најдрастично се отсликува во работата на јавниот сервис МРТВ. Уредувачката политика на јавниот сервис ги премина сите граници на прифатливото и веќе не се разликува од онаа на ТВ Бастилја од времето на Слободан Милошевиќ во Србија.

Комисијата за лустрација која се стекна и со меѓународно реноме на институција која служи за пресметување со неистомисленици, деновиве на својата листа на успеси го додаде и името на познатата новинарка и уредничка во независниот политички неделник Фокус, Јадранка Костова.

Република Македонија е и земја на политички затвореници. Меѓу нив, до неодамна беше и новинарот Томислав Кежаровски, кој беше затворен две години, виновен за тоа што ја вршел својата новинарска работа. Начинот и времето на затворањето на новинарот Кежаровски се совпаѓа со неговото новинарско истражување на сомнителната погибија на Никола Младенов, основач и уредник на неделникот Фокус, за време на локалните избори во 2013 година.

Политичките затвореници не се единствената одлика на партизираното судство, но секако е една од највидливите илустрации за состојбата на институциите на правдата. Во такви услови, тешко е да се замислат слободни и фер избори.

**Континуирана изборна мобилизација**

Македонија мина низ осум изборни процеси во изминатите осум години, во просек, по еден изборен процес годишно. Честите изборни процеси се карактеризираат со жесток притисок врз гласачкото тело, што на крајот од изборите во 2014 г. резултира со бојкот на опозицијата која ги оспори изборните резултати. Изборните нерегуларности и кршењето на избирачкото право Цивил ги евидентира од 2008 г. Низа други права се прекршуваат во тој процес и остануваат како проблем меѓу два изборни процеси.

Институциите се крајно исполитизирани, а на партиските војници им се овозможени бројни бенефиции, работни места во администрацијата, но и позиции на неказнивост, недопирливост и моќ. Граѓан(к)ите се разединети, а јавниот простор е стеснет и означен со партиско-тоталитарни симболи на моќ и доминација. Оваа ситуација се одржува преку манипулација и притисоци кои го одвлекуваат вниманието на јавноста од реалните проблеми, преку поттикнување и распространување на говорот на омразата.

Структурното насилство и дискриминацијата се спроведуваат паралелно со широко распространетиот клиентелизам. Државата и општеството се поистоветуваат со партијата/партиите на власт, а јавните услуги на кои се обврзани институциите се поистоветуваат со милостина, „за да му се помогне на народот".

Сè уште дознаваме за случаи на сериозни изборни нерегуларности и за време на локалните избори во 2013 година и за претседателските и предвремените парламентарни избори во 2014 година. ЦИВИЛ подготви опширни извештаи од изборното набљудување во 2013 и 2014 година. Овде ќе ги наведеме заедничките особини на изборите во двете години.

Целосна злоупотреба на сите јавни ресурси на државно и локално ниво се спроведе во партиски цели на секоја педа од земјата. Силен и денонoќен притисок врз секој вработен во администрацијата со единствена „работна" обврска – да се обезбеди победа за владејачката гарнитура и да се осуети, заплаши или поткупи секој што има намера да гласа поинаку.

Демографска интервенција преку гласање на лица од Пустец, Албанија. За време на локалните избори во 2013 година тие гласаа највидливо во општина Центар, но и во други општини низ Македонија, каде што тоа беше потребно. Истото се повтори, во пософистицирана форма, на изборите во 2014 година. Жителите на Пустец во 2014 година прво гласаа во својство на дијаспора во Тирана, за наредниот ден да пристигнат во Македонија и да гласаат на повеќе места низ земјата, почнувајќи со Ресен, преку Кичево или Битола, до неколку општини во Скопје.

Илјадници фантомски гласачи, односно гласачи во непостоечки станови, влезови, па и цели згради открија тимовите на ЦИВИЛ во Скопје, но и во Охрид, Ресен, Кичево, Битола и Куманово. Гласањето со повеќе лични карти или патни исправи се бележи во помал обем во 2013 година, додека за време на изборите во 2014 година станува повеќе од јасно дека во земјава циркулираат повеќе документи отколку гласачи.

**(Не)легитимност на изборите**

Поткупот, заканите, уцените и други видови притисоци се очигледни и сеприсутни со години, без оглед на тоа дали се наоѓаме во предизборен период или не. Тоа се потврдува и од набљудувањето на состојбите во доменот на човековите права и слободи, исто колку и во фокусираното изборно набљудување на ЦИВИЛ во 2013 и 2014 година.

Извештаите од изборното набљудување под наслов „Бескрупулозна борна за власт“ во 2013 година и „Дисквалификувана демократија“ во 2014 година, се релевантни показатели за тоа како се спроведуваат изборните процеси во Република Македонија, локални, парламентарни и претседателски. Сите три изборни процеси во изминатите две години се јасна илустрација за масовно кршење на избирачкото право на граѓанките и граѓаните, тешка злоупотреба на севкупните јавни и државни ресурси на земјата во партиски цели и очигледна манипулација со Избирачкиот список со размери кои можат пресудно да влијаат врз исходот од изборите.

Снимките од прислушуваните разговори кои ги објавува опозицијата, со наводи за тешки изборни манипулации и злоупотреби, претставуваат горчлива потврда на извештаите на ЦИВИЛ за тоа како се спроведуваат изборите во Република Македонија.

Нам не ни преостанува ништо друго освен да констатираме, јасно и недвосмислено, дека локалните избори во 2013 година, претседателските и предвремените парламентарни избори во 2014 година се нелегитимни, додека нивната законитост е под голем знак на прашање.





# МЕДИУМИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРИ
## или: „Колку навистина чини слободата?“

*Ова е авторски прилог кој е сублимат од предавањата на семинарите и излагањата на јавните настани во рамките на проектот „Моето гласачко право“ на тема медиумска писменост и улогата на медиумите за време на избори и во услови на перманентна политичка кампања*

Секој новинар воедно е и граѓански активист во борбата за демократизација на општеството, за владеење на правото и за почитување на основниот принцип на еднаквост меѓу луѓето... Многумина нема да се согласат, тврдејќи дека и новинарството е професија како и секоја друга, која треба да му донесе профит на сопственикот на медиумот и редовна плата, значи пристојна живеачка - на новинарот. Зашто, Македонија е ептен далеку од Запад, и од сѐ понедостижната Европа, каде платите на одделни новинарски ТВ-ѕвезди може да одат и до фудбалските височини на договорите... Кај нас, за жал, најплатените новинари, главно се предавниците на професијата, подопашниците на власта, без оглед на нејзината идеолошка провиниенција, кои не се замараат со демократизацијата, правото и еднаквоста...

Затоа, тука, во Македонија, сакам да верувам дека новинарството како професија, само по себе, треба да е и активизам и перманентна посветеност на борбата за овозможување и почитување на човековите права за сите луѓе. И непрекината борба за вистината.

Е сега, како да се остварат тие две импрегнирани задачи во држава во која медиумите едвај преживуваат и се под огромни притисоци? Од една страна „мала бара – пуно крокодила“: до балчак осиромашената Македонија, веројатно има најголем број на медиуми по глава на жител (што и досега, и инаку раѓаше неквалитет, а сега дополнително, секојдневно се создаваат нови контра-„медиуми“ и се произведуваат контра-„новинари“, бедни креатури кои работат по диктат, но се заштитетни под партискиот чадор), а кревката автономија на сопствениците на медиумите, кои се или рекетирани или „мотивирани“ со реклами од најголемиот работодавач – државата (читај: власта). Тоа пак, директно произведува слаба независност на уредничките тимови, а новинарите се фрлени на ветрометина, да бидат слепи послушници, да гладуваат во име на принципите, или да ја менуваат професијата.

Како новинар со 30-годишен стаж, тешко ми е да признам дека дефиницијата за медиумска неписменост во Македонија се уште ја подразбира и неподготвеноста на конзументите - читателите и особено гледачите - во добар дел од државата, да ги анализираат информациите (особено во ситуација кога новинарите многу повеќе

коментираат, отколку што известуваат, или кога секојдневно, рафално се спинува, шпекулира и отворено се лаже, во корист на една политичка опција, таа која е на власт).

Од друга страна, мора да се зборува и за неписменост на дел од новинарите кои со поплавата на медиуми во Македонија и премногу често се регрутирани од партиски редови, како климоглавци кои немаат ни лично достоинство, ни знаење, ни професионалност, ни морал, па се подготвени за исполнување на секаква наредба на власта. Мора да се зборува и за незнаењето на новинарите, за непознавањето на синдикалните права или на еснафските стандарди во професијата, па дури и за недостатокот на домашното воспитување, кои на крајот на краиштата, доведуваат до соблазнителното реизме за непостоењето свест за сопствената моќ, особено кај младите „седмосилници" кои премногу бргу се пре(про)даваат.

А токму новинарите се тие, кои на јавноста и на секој граѓанин, треба да му ја доближат идејата, да му помогнат да ја осознае сопствената моќ, изразена преку неговото гласачко ливче! Затоа, можеби подобро е насловот на денешниот мој муабет со Вас, да биде слоганот на еден од големите борци за демократизација на Македонија – Никола Младенов: „Колку чини слободата?" Или, во мојата малку проширена верзија - „Колку навистина чини слободата и што сé сме подготвени да жртвуваме за неа?"

Слободата чини многу и ја имаат само оние, кои и ја заслужуваат. Неретко, по бројните загубени битки и војни во професијата, ни се чинело дека сета борба и сите заложби во животот, се бадијала. Сепак, не е така, зашто, оние сé поретките кои се спротивставуваат на подјармувањетто и заглупувањето, се борат и за сите останати: и за коркачите, за опортунистите, за неопределените.. За жал, во Македонија само ретки се спротивставуваат на лудилото во кое живееме, а премногу луѓе оставаа(т) животот да врви покрај нив и некој друг да решава за нивната судбина.

Јасно е дека – „слободата не може да се брани сама", ниту да се освојува туку-така, само „салонски" да се чека - да си дојде самата по себе.

И по само 3-4 години демократизација и плурално оштество во Македонија, таму во деведесеттите, бев скептичен дека сме на вистинскиот пат на освојување на слободата и пишував наслави дека и ние, „копиљаците" од „Македонската пролет", сé сме направиле  Таа скепса, во денешнава Македонија прерасна во длабоко разочарување од актуелната ситуација. Сепак, тоа не значи и не смее да значи - кревање раце од сé и продолжување со сé позабрзаното стрмоглавување во амбисот од кој нема враќање...

Затоа ЦИВИЛ и организира вакви и слични семинари, за мобилизација на здравото ткиво на македонското општество, за самото да се избори со агресивниот вирус што го нападнал и се заканува да го совлада. И затоа е неопходен сиот ангажман на граѓанските организации - за едукација, за доближување до најшироките слоеви на општеството до пораката за моќта на народот, и моќта на волјата на граѓанинот - изразена и низ слободни, фер и демократски избори.

Сега-засега, Македонија е земја во која нештата многу често се поставени на глава. Така е и во поглед на релациите меѓу заложбите на граѓанските активисти и на невладиниот сектор за заштита на демократските стандарди и човековите права. Во нив, секако спаѓаат и гласачкото право и известувањето на медиумите за време на гласањето - како високо-демократски чин на слободно изразување на волјата на граѓаните и граѓанките. Тие, граѓанските активисти, борците за човекови права, набљудувачите на изборните процеси како Вас, и новинарите кои известуваат за самите избори, но и за нивните/вашите активности и согледувања од терен, секако би требало заеднички да придонесуваат за јакнење на јавната свест и да се дополнуваат во изградбата на едно ново, поинакво, демократско општество, за кое сите во Македонија непрекидно зборуваме, а сé уште е некаде тука, на дофат, зад првиот ќош... Ама, засега недостапно.

Отворањето на темата за медиумското покривање на изборите и за нивната улога во правовременото информирање на најчесто недоволно информираната или вешто изманипулирана (за жал и национално и партиски поделена јавност, и на државно и на локално ниво), и за задачата на медиумите и на новинарите за време на избори, или како што е тоа случај во Македонија, уште од 2011, во време на перманетна кампања на власта, е шанса да се отвори дискусија нашите искуства со досегашното медиумско покривање на изборните циклуси, но и за очекувањата во блиска иднина.

Новинарите со нивната посветеност на демократијата и на принципите на сопствената професија, мора да им помогнат на гласачите да се одлучат во изборот на политичката - партиската опција за која ќе сметааат дека најдобро ќе ја води државата или општината, на сите парламентарни, претседателски и локални избори. За жал, во овие четврт век на македонските плуралистички избори, најбуквално имаше сè и сешто.

Притоа, партизацијата на целокупниот државен апарат и користењето на сите државни ресурси во корист на владеачките партии, формирањето партиски штабови во државни институции и министерства, непрекинатото медиумското бомбарадирање и заблудување на јавноста (изведено поради корумпираноста или рекетот на дел од сопствениците на медиумите), но и заплашувањето и корумпирањето на лицата со загрозена егзистенција, на администрацијата, на пензионерите..., беа неизоставен дел од сите наши избори последниве години. А беа забележани кај само еден помал дел од набљудувачите. И од медиумите...

И затоа сме тука кај што сме....

Во Македонија денес, работите целосно излегоа од контрола. И изборите и медиумите. Токму затоа што и едните и другите се строго контролирани. Од партиите на власт. Она што сега веќе го знае, за жал, само еден дел од македонската јавност - за сите изборни местенки, сепак, тешко можат да го спинуваат диригираните медиуми од партискиот центар. Во Македонија, деновиве, на сцената е вистински театар. Всушност, Македонија е сцена на која се играат де водвиљ, де трагедија... Иако кројачите на нашите судбини најмногу преферираат

куклен театар - тие да ги влечат сите конци, а граѓанките и граѓаните да имаат строго контролирано движење. Молчешкум! Да нема многу зборови, освен оние зад завесата. На оние кои ги влечат коците.

Затоа, често се цитира уште една мисла на Младенов: „Ние сакаме општество на слободни лиѓе, а тие сакаат збирштина од безрбетници и тука нема компромис!“

Тоа може да биде и слоган на движењето на сите слободумни и  слободномислечки луѓе кои сакаат една поинаква Македонија и подготвени се и да сторат нешто за таа цел. Прашањето е само: како?

Во држава во која повеќе од деценија нема попис? Во држава во која - во податоците од Изборниот список и покрај сите ветреења и прочистувања, не верува никој кој рационално размислува, ако ништо друго, тогаш поради фактот што засега, официјалниот број на избирачи, според дел од експертите, е многу поголем од реалната бројка на граѓани на Македонија!

Во една таква срчосана држава, потребна е неверојатна зрелост на нацијата, на политичките субјекти, на медиумите и на избирачите - за изборите воопшто да се одржат, а потоа, да бидат и чесни и фер и демократски. И пак, во фокусот е улогата на медиумите за време на избори, особено, поради остарата антагонизираност на гласачкото тело, и во македонскиот и во албанскиот блок, меѓу членовите и симпатизерите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ од едната, и ДУИ и ДПА, од другата страна. Во држава во која постои и длабок јаз на недоверба меѓу Македонците и Албанците, што за жал, и се продлабочува со перманентната кампања која актуелната власт ја води за сето време на нејзиното владеење, во текот на неколку различни изборни циклуси, а кој многу позасилено се продлабочува токму пред изборите (низ официјалните кампањи во кои сé е дозволено), за време на изборите, и по нив - секоја вест од избирачко место, секој текст или ТВ-прилог, може да биде иницијална каписла за нови недоразбирања и конфликтни ситуации.

Одговорноста и влогот се големи, а сé зависи од професионалноста.

А таа дише на жабри! Полуписмени креатури дивеат на македонската медиумска сцена, луѓе без чест и достоинство, ја прифаќаат улогата на Глупи Августи, дворски шутови и на разни варијанти безрбетници, но лудилото кое владее на политичката и медиумската сцена, им овозможува да се претставуваат како новинари. И да шират зла крв меѓу граѓаните и граѓанките кои сиромаштијата и неснаоѓањето во транзицијата, неправдите и арамилакот, бавната демократизација, сопнувана на секој чекор од разноразни злосторнички здруженија со политичка поддршка, ги претвораат во лесен плен на лажговците, спинерите, обучените пи-ар експерти за политички маркетинг, кои ја исѕидаа виртуелната Македонија во која живееме. И во која, и покрај рецитациите за 24/7 остварувањата, секојдневно сé околу нас, се урива као кула од карти.

И само затоа, налудничавиот панаѓур „Скопје 2014“, кого светот кој си игра мајтап со нас, го нарекува „Балкански Лас Вегас“ или „Шизниленд“, дома во Македонија, може да им се сервира на избирачите како остварување на ветеното и како голем успех?! И само затоа, заради искривената медиумска слика на реалноста,

запустената и девастирана Македонија, се сервира како економски џин. Затоа, најголема македонска трагедија, многукратно потешка од сé попразните џебови на граѓаните и граѓанките, е најтешкото осиромашување – заминувањето на 500.000 млади луѓе, кои го немаа трпението на своите родители, и заминаа таму каде можеби и како граѓани од втор ред (иако образувани, амбициозни и балкански жилави - можеби ни тоа нема да го дозволат) ќе излегуваат на некои чудни избори, на кои нема кршење кутии, обележени ливчиња, плачење&пукање, увозни гласачи и фалсификувани пасоши во приватни станови, туку, половина час по затворањето на гласачките места, се соопштуваат резултатите, а поразениот му честита на победникот...

Македонија е сé попразна, но, сите граѓани на Македонија, без разлика на националната и верската припадност, се речиси една деценија изложени на страотно медиумско насилство, во кое не се знае кој пие, ни кој плаќа. Всушност, точно се знае кој плаќа – граѓаните, обичните смртници, а за тоа кој пие на нивна сметка, само понекогаш известуваат сé поретките слободни медиуми. До пред некоја година, и во новинарството, како и во секоја професија, имаше натрапници, насилници, навредувачи, исполнувачи на зададени задачи со партиски ветер во грбот... Денес, за жал, работата е дојдена до ерупција, постои цел список квазимедиуми, без официјални сопственици (демек, компании од Белизе, Кајманите...), без импресум, со анонимни пишувачи - хејтери за кои не постои друг јазик, освен оној на омразата кон сé што не е по волја на партискиот наредбодавач и кон некого, кој не дај Боже, ќе се огреши во однос на бизнис-интересите на „газдата“ или спонзорот... Всушност, кон сите ИНАКВИ.

Таквите, мразат по задача, за пари, или едноставно оти тоа ги исполнува, па заговараат затворање под бетонски плочи, на идеолошките различните, на политичките неистомисленици, на оние од поинаква националност, боја на кожа, сексуална определба... Кому иде!

Но, секогаш во власта ќе има и такви, на кои токму таквите заталкани во новинарството, ќе им  бидат при рака за нарачки од онаа страна на законот, моралот, човештината... И затоа, денес некои сакаат да спроведат лустрација и над новинарите, оние вистинските професионалци, или да издаваат лиценци за правоверност, кои би им ги разделиле на „своите“ гавази. А сите други, нормално, би биле предавници.

Затоа, известувањето на медиумите во Македонија за изборните активности е нешто сосема поинакво од известувањето за изборите во некои други земји. И затоа од нивото на (не)писменоста на медиумите, од која зависи и (не)писменоста – медиумска и политичка на граѓаните и граѓанките - избирачи зависи и ќе зависи и нашата иднина. Отрезнувањето  е неопходно, а дали има место за оптимизам, ајде да дискутираме...

**Синиша Станковиќ**

















www.civil.org.mk
www.freeelections.info
www.facebook.com/civil.mk
www.twitter.com/CivilMacedonia
www.youtube.com/user/CivilOrgMK























www.civil.org.mk